ООУ,,СВ.КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ ”-БИТОЛА

# СВЕТЛИНИ

БР.34



ДА СИ ПОДАДЕМЕ РАКА

# СОДРЖИНА


- Да си подадеме рака
- Наградени ученици за литературни и ликовни творби
- Наградени ученици на општински, регионални, републички и меѓународни натпревари од ООУ „Св. Климент Охридски“ – Битола
- Континуирана работа, многу освоени награди
- Силни импресии од годишниот концерт на училишниот оркестар и хор
- Одбележан европскиот ден на јазиците
- Генерациски пасош за деветтоодделенката Искра Нечаковска
- Во посета на Филолошкиот Факултет „Блаже Конески“ во Скопје
- Еразмус активности-предизвик и можности за поинакво учење
- Одбележан Денот на математичкиот број „Пи“
- Математичката генијалност на пчелите
- Свеќата како природен прочистувач на воздухот – мит или вистина
- Дали пасивните пушачи се во опасност?
- Учениците произведоа електрична енергија со пизоелектричен генератор
- Изработени хранилки за животни од отпаден материјал
- Прирачник за искуствено учење „стаклена лабораторија“
- Обоени дланки за поддршка на децата со ретки болести
- Изработен прототип на машина „нашиот чистко“
- Во посета на педагошкиот факултет
- Во посета на општината
- Без предрасуди за еднакви можности
- Биди хуман, биди човек!
- Волонтерска акција на ликовната секција поддржана од локален совет за волонтерство на општина Битола
- Изложба на ликовни творби на тема – *Фрида Кало*
- Септемвриска еднодневна екскурзија во Трново
- Првооделенците на излет во училишниот двор
- Да ѝ подадеме рака на природата!
- Голема Ливада предизвик и за второодделенците
- Правилно користење на социјалните мрежи за заштита од сајбер насилство
- Забавна страна



**Редакција**

Одговорните наставници: Мирјана Стојановска, Соња Бандевска, Оливера Илиевска, Соња Петровска,

Компјутерската обработка: Наташа Стаменковска, Дарко Аврамоски и Атанас Пеев;

Ученици-членови на училишните секции;

# ДА СИ ПОДАДЕМЕ РАКА

33 години ООУ „Св. Климент Охридски“,
33 години успешна работа,
33 успешни генерации на ученици, личности, карактери,...
Тоа е нашето училиште, нашата гордост, нашата радост!

Со нашата работа и воспитно-образовниот процес кој го реализираме, ние го следиме делото на големиот учител и просветител Св. Климент чие име е Патрон на нашето училиште. Честа е голема, но одговорноста е уште поголема да се опстои на патот, да се преминуваат разни препреки, а истовремено правилно да се насочи секој ученик и да се отвори сечија детска перспектива.

Мотото на овогодишната прослава на Патронот гласи: ДА СИ ПОДАДЕМЕ РАКА. Симболиката на оваа парола посочува токму на нашите заложби да се помогне секому, на секој ученик да му се подаде рака, но и на секој човек зашто сите ние заедно го градиме големото семејство на нации и религии, на верувања и обичаи кои ја прават земјата наш заеднички дом, да бидеме хумани суштества одговорни за постапките пред себе и пред другите.

Подавањето рака значи поддршка, поттикнување, мотивации за постигнување поголеми резултати во учењето, во работата, во животот. Сплотеноста помеѓу нас и подадената рака меѓу наставниците и сите други вработени во училиштето, учениците и нивните родители е нашата доблест со која го градиме темелот на идните генерации.

Да си подадеме рака за подобра наша иднина, за иднината на нашите деца и иднината на нашата татковина затоа што тоа не е товар, туку тоа е голема чест, одговорност и задоволство за секој од нас!.

Директор:
Предраг Созовски



# НАГРАДЕНИ УЧЕНИЦИ ЗА ЛИТЕРАТУРНИ И ЛИКОВНИ ТВОРБИ

*I награда*
**Да си подадеме рака**

Да си подадеме рака,
зашто луѓе сме сите,
во добро и зло
полесно да ни врват дните.

Јас сакам да пеам,
ти сакаш да возиш тротинет,
некој сака да игра цел ден,
без обврски, да биде слободен.

Некој живее скромно,
а друг пребирлив си е,
ваков или таков,
да си се дружиме треба ние.

Без оглед на нашиот хендикеп или маана
без оглед на раса, пол или страна,
светот треба да е дом за сите,
на децата им се среќни, убави дните.
**Јана Тасевска V-4 одд.**



**Ема Јанкуловска IV-1** *(II награда)*

*II награда*
**Другарчиња, бубамарчиња**

Ќе ти подадам рака,
не ми е мака.
Сите сме другарчиња
исто како бубамарчиња.

Сите заедно ќе пееме,
Ти не си сам, јас сум тука
рака да ти подадам.

Јас не сакам да плачиш,
сите да се смееме.
не сакам ни да се мачиш.
Децата на сакам да се тажни
сите сме подеднакво важни.

Другарчиња бубамарчиња.
**Ева Ристевска IV-1 одд.**



**Мила Маринова II-1** (*I награда)*

*III награда:*
**Да си подадеме рака**

Да си подадеме рака,
секогаш кога имаме некоја мака.
Да помогне секој на секого можи,
барем тоа е лесно да си го овозможи.

Да се трудиме, колку што е можно,
сите да живееме сложно.
Со слога сè се прави,
само да бидеме живи и здрави.

Молба имам до секој од вас,
да почне да учи од нас.
Љубовта несебично ја делиме
и на секоја подарена насмевка да се веселиме.
**Сара Петровска IV-5 одд.**



**Бисера Јанкуловска V-4** *(II награда)*



**Емили Пурдевска IV-2 (***III награда)*



**Тиана Мачковска III-2** (*III награда*)

**Предметна настава :**

*I награда*

**Подадена рака-наша иднина**

Секое сплотување е подадена рака,
верба во нашата сила, во нашиот јазик,
во нашата цел!

Јас патувам на подадената рака на мојот пријател
и светот се врти како рингишпил,
оти подадената рака е мојата свест
дека јас сум таа која знае да сака
и да испраќа порака,
и на љубовта со љубов да враќа.

Заедно, полесно низ тешкотиите ќе поминеме,
заедно пролет ќе бидеме.
За мене и за тебе и за сите нас,
како со нитна поврзани,
ќе ги редиме конците на нашата традиција.

И црвениот и црниот
ќе ги сплетеме во венецот
на нашата светла иднина!
**Елена Силјановска IX-4 одд.**



**Симона Граматковска VIII-2** (*I награда*)

*II награда*
**Подадена рака**

**П**оради тоа што цврсто исправени на нозете стоиме,
**О**колу нас паднатите не треба да ги броиме.
**Д**а, нив рака треба да им подадеме,
**А** со тоа подобар свет да создадеме.

**Д**о срцата на луѓето да допреме,
**Е**дноставно гладот и војните да ги сопреме.
**Н**а сите подадена рака да покажеме,
**А**ко треба нејзината сила да ја докажеме.
**Р**адост и љубов се потребни во мака,
**А** тоа го дава подадена рака.
**К**ога даваме, нешто и жртвуваме,
**А**ма со тоа подобри личности стануваме.
**Стефан Митревски VII-3 одд.**



**Стефан Митревски VII-3** (*I награда*)



**Мелани Пурдевска VIII-2** (*II награда*)

**Пофалени за литературни творби:**

*Софија Кутлешовска IX-5, Викторија Петковска VII-5, Суна Алилоска VIII-2, Лина Кулевска VII-5, Сара Марија Димкноски VI-4, Барбара Василевска VII-5, Михаела Ангелевска VI-1, Ана Ѓорѓиевски IV-4, Јована Митревска IV-1.*

*II награда*

**Да си подадеме рака**

По ноќите и многуте соништа, повторно се вратив во сегашноста. Ние сме како камен, кога го носиме тежок, но кога го кршиме не се крши. Да заборавиме на лошите настани, на крвавите борби, на тешките зборови и на оние кои сакаат да ни го одземат она што ни е свето и останато од нашите предци.
Ајде да си подадеме рака, да се сплотиме со сите луѓе, а во нашите торби и ранци да ги вгнездиме желбите со многу песни и смеа.
Нека свети сонцето силно и нека се крене во височините за да ни го осветли патот кон иднината.
Ајде да го прославиме денот на нашиот голем и мудар учител Климент – ни дал букви за да ги преточиме во зборови, а тие пак во реченици и мудри изреки.
Тој нѐ просветли, а ние веќе не сме слепи при дневна светлина.
Подадена рака е голема човечка вредност, но и обврска на секој човек во потрага за мирен, пристоен живот и за убава, светла иднина.

**Ана Јошевска VII-2 одд.**

*III награда*

**Да си подадеме рака**

Убав е животот кога се сака,
кога детето се смее без мака.
Убав е животот со боите свои,
убав е кога си со саканите твои.

Убав е животот кога не си сам,
кога го красат дела добри.
Убав е кога љубовта се шири
и кога несреќните ќе ги смири.
Подавам рака, подај и ти
да вратиме надеж и сила,
добрината нека царува
како секогаш тука да била.

**Давид Колтовски VIII-2 одд.**



**Јана Тунтевска IX-2** (*III награда)*



**Стефанија Јоновска IX-4** (*III награда)*

*I награда*

**Да си подадеме рака**

Да си подадеме рака за мир,
да си подадеме рака за среќа,
да си подадеме рака еден на друг,
да си подадеме рака во секој круг,
да си подадеме рака-порака која секаде се праќа,
да си подадеме рака за среќна иднина нам
да ни се враќа.

Да си подадеме рака и да ги згрижиме сите осамени,
за никој да не се плаши.
Да си подадеме рака за љубов, и со нежен хумор,
рака за надеж и среќен жубор.

Да му подадеме рака на послабиот,
да му подадеме рака на тажниот,
рака без срам
и да создадеме храм.

Да си подадеме рака која сите ќе нѐ води,
да си подадеме рака од која среќна иднина ќе се роди.
Рака со чесност,
рака во кавга,
рака во мака,
рака богата со благослови и желби.

Да си подадеме рака со заеднички сили
и светот да го разубавиме,
да си подадеме рака, само добри дела да правиме.

Да си подадеме рака за детската насмевка,
рака во братство
и да изградиме вистинско другарство!

**Изабела Митревска IX-5 одд.**

**Силниот повик на пролетта**

Заклучена од мраз цела зима,
семиња, корени и овошни камења.
Што ќе ги натера нивните сокови да истечат,
за да пукнат?
Нема време како пролетта,
кога животот е жив во сѐ,
пред да запеат новите гнезда,
светот се менува
со нивното патување низ природата.
По патеката без патека -
Бог го води нивното крило,
ја шири нивната трпеза
на која ништо не ѝ недостига.

Ако некогаш постоел пролетен ден
толку совршен,така подигнат
од топол повремен ветер
да ме натера да сакам да ги фрлам
отворени сите прозорци во куќата
и да ја отклучам вратата од кафезот на
слободата.
Навистина, откинете ја малата врата од
нејзиниот гребен.
Ден кога студените патеки од тули
и градината пукаат од божури
изгледаа толку врежано на сончева светлина,
Кога сакам да земам чекан
до стаклената хартиена тежина на домот.
Ослободувајќи ги жителите за да можат да
излезат,
држејќи се за раце и криво загледувајќи се.
Кога љубовта се крие во цветот чекајќи да
расцути,
да нѐ опие со нејзиниот мирис, со тие нејзини
мили раце кои
нѐ удираат по образите
пробувајќи да нѐ освестат од овој прекрасен,
но опасен сон.

Во оваа поголема купола од сино,зелена и
пастелна,
кога имам сѐ што ми е потребно,
јас сум среќна.
Денес е токму таков ден.
**Изабела Митревска IX-5 одд.**



Ученичката Изабела Митревска од IX-5 одделение под менторство на наставничката м-р Мирјана Стојановска учествуваше на конкурсот „Детски лирски треперења“" во организација на Сојузот за грижи и воспитување на деца на Македонија на слободна тема. Изабела Митревска учествуваше со песна под наслов „***Силниот повик на пролетта***“. Песната беше наградена и ученичката заедно со менторката беа поканети на заедничката манифестација што се одржа во Детското одморалиште во Охрид од 7 до 9 август. Радоста беше голема и беше голем поттик Изабела да продолжи посветено на пишување креативна поезија.



**Литературни конкурси, ментор Соња Петровска:**

**Анелија Костофски, 9-2 - диплома** за втора награда, ,,Блаже Конески - основоположник на современиот македонски јазик“ - училиштен конкурс
**Благодарници** за учество (куси раскази): „Битолската жена како вечна инспирација низ времето“ , „Шамијата како обележје на македонската жена низ историјата“ (Организација на жени-Битола);
**Благодарница** за посебно залагање, придонес и учество во проектот: „Холокаустот низ призмата на детските очи“ (Меморијален центар на холокаустот на Евреите од Македонија)
**Бојана Мајсторовска и Лела Стојановска од 9-3, благодарници** за посебно залагање, придонес и учество во проектот: „Холокаустот низ призмата на детските очи“ (Меморијален центар на холокаустот на Евреите од Македонија).
**Лела Стојановска, 9-3, благодарница** за учество во проектот: „Младите поети пишуваат за планетата Земја“. Организатор: НУУБ-Битола и Ротари клуб-Битола.

# НАГРАДЕНИ УЧЕНИЦИ НА ОПШТИНСКИ, РЕГИОНАЛНИ, РЕПУБЛИЧКИ И МЕЃУНАРОДНИ НАТПРЕВАРИ ОД ООУ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА

**Државен натпревар по математика:**
Сара Наумовска VIII *(II награда)*, Васил Јолевски VIII *(III награда)*.
**Регионален натпревар по математика:**
Искра Нечаковска IX *(I награда),* Сара Наумовска VIII *(II награда)* Ана Јошевска VI, Васил Јолевски VIII и Ангел Андреевски IX *(III награда),* Ањa Грамосли VI, Давид Јовановски VII и Нина Тасевска VII *(пофалница)*.
**Општински натпревари математика:**
Ања Грамосли VI, Ана Јошевска VI, Викторија Петковска VI, Стефан Митревски VI, Давид Јованвски VII, Сара Наумовска VIII, Васил Јолески VIII, Марија Котеска VIII, Искра Нечаковска IX, Владимир Ѓерасимовски IX, Леонид Велјановски IX, Ангел Андреевски IX. Марко Адам Котевски IX и Горазд Велевски IX *(I награда)*.
Теодора Јошевска V, Лука Рендевски VI, Лука Ангеловски VI, Антонија Гајтановска VI, Георгина Стојковиќ VII, Михаил Кајтез VII, Софија Кутлешовска VIII, Марко Ангеловски VIII и Алек Сиваков VIII (*II награда*), Филип Илковски VI, Антониа Стојковски VII, Нина Тасевска VII, Марио Бебекоски VII *(III награда),* Каја Гацоски V, Дарко Ристевски V, Марија Бошевска VI и Михаил Марковски VII (*учество*).
**Општински натпревар по англиски јазик:**
Мелани Видоеска V, Ивана Костова V, Илијана Најдовска VIII, Васил Јолевски VIII, ДушанРојчевски IX и Веда Марковска IX (*I награда),* Филип Стојковски V, Стефан Митревски VI, Евгениј Ристевски VII и Дона Димчевска VII (II *награда).*
**Регионален натпревар по англиски јазик:**
Дона Димчевска VII (I *награда),* Ивана Костова V, Мелани Видоеска V, Стефан Митревски VI, Илијана Најдовска VIII, Васил Јолевски VIII и Душан Појчевски IX (*II награда),* Филип Стојковски V, Евгениј Ристевски VII, Веда Мавровска IX *(III награда)*.
**Регионален натпревар по германски јазик:** Георгина Стојковиќ VII *(I награда).*
**Државен натпревар по француски јазик:** Марија Којчева VIII *(I награда)***.**
**Регионален натпревар по француски јазик:** Петар Трајчевски VII *(I награда).*
**Државен натпревар по италијански јазик:** Илијана Најдовска VIII *(I награда).*
**Регионален натпревар по италијански јазик:** Илијана Најдовска VIII *(I награда).*
**Општински натпревар по италијански јазик:** Викторија Петкоска VI, Димитра Стојановска VII и Илијана Најдовска VIII *(I награда),* Филип Јанкуловски VI, Ана Нонeвиќ VII и Матеј Ѓуровски VIII *(II награда),* Алексеј Јосковски VI, Дарија Димов VII и Давор Петковски VIII *(III награда)*.






**Општински натпревари по природни науки:** Стефан Митревски VI, Ивана Трајчевска VI, Ања ГрамослиVI, Барбара ВасилевскаVI, Павел КаранфиловскиVI, и Јована Стрезоски VI *(I награда)*,Ана ЈошевскаVI, Ариана Сулејмановска VI и Дамир Демиров VI *(II награда)*.
**Регионални натпревари по природни науки:** Стефан Митревски VI, Барбара Василевска VI, и Дамир Демиров VI *(I награда)*, Ана Јошевска VI и Јована Стрезоски VI *(II награда)*.Павел Каранфиловски VI, Ања Грамосли VI, и Ариана Сулејмановска VI *(III награда)*, Ивана Трајчевска VI *(пофалница)*.
**Државен натпревар (VI одд.) по природни науки:** Стефан Митревски *(I награда),* Јована Стрезоски и Ана Јошевска *(II награда)*, Дамир Демиров *(III награда)*, Барбара Василевска *(пофалница)*.
**Општински натпревари за (V одд.) по природни науки:** Лука Брдаровски,,Ивана Силјановска *(I награда),* Стефанија Тромбева и Ивана Гашовски *(II награда)*,Димитар Трајчевски, Филип Стојковски, Лука Николовски, Дарија Шеровска и Лука Вељановски *(III награда*), Теодора Јошевска *(пофалница*).
**Регионални натпревари (V одд.) по природни науки:** Лука Вељановски и Филип Стојковски *(II награда)*, Димитар Трајчевски, Ивана Силјановска, Лука Брдаровски, Теодора Јошевска, Стефанија Тромбева, Адам Стевановски и Ивана Гашовски *(III награда),* Дарија Шеровска и Лука Николовски (*пофалница)*.
**Државни натпревари (V одд.) по природни науки:** Филип Стојковски *(II награда* ), Лука Вељановски *( пофалница)*.
**Општински натпревари по биологија:** Васил Јолевски VIII, Илијана Најдовска VIII, Бојана Ѓаковска VIII, Мила Гугучевска VIII и Изабела Митревска VII *(I награда),* Матеј Ѓуровски VIII, Стефанија Трајковска VIII, Елена Ивановска VIII и Нина Недановска VIII *(II награда)*, Христина Шанговска VIII, Елена Силјановска VIII и Изабела Шурбеска VIII *(III награда)*,
**Регионален натпревар по биологија:** Илијана Најдовска VIII, Васил Јолевски VIII и Мила Гугучевска VIII *(I награда),* Изабела Митревска VIII, Нина Недановска VIII, Бојана Ѓаковска VII *(II награда)*, Изабела Шурбеска VIII, Матеј Ѓуровски VIII, Христина Шанговска VIII, Стефанија Трајковска VII и Елена Силјановска VII *(III награда)*, Елена Ивановска VIII *(пофалница)*.
**Државен натпревар по биологија:** Васил Јолевски VIII *(II награда)*, Илијана Најдовска VIII, Бојана Ѓаковска VIII и Изабела Митревска VIII *(III награда),* Нина Недановска VIII и Мила Гугучевска VIII *(пофалница)*.
**Општинскиот натпревар по физика:** Сара Наумовска VIII (*I награда)*.
**Државен натпревар по физика:** Сара Наумовска VIII *(I награда)*.
**Општински натпревар по хемија:** Искра Нечаковска IX *(I награда)*, Бојана Мајсторовска IX *(II награда)*, Лука Велковски IX и Ангел Андреевски IX *(III награда)*, Ева Апостоловска IX *(пофалница)*.
**Регионален натпревар по хемија:** Искра Нечаковска IX *(I награда)*, Бојана Мајсторовска IX и Лука Велковски IX *(II награда)*.
**Државен натпревар по хемија:** Искра Нечаковска IX *(I награда)*.
**Општинскиот натпревар по географија:** Ивана Ивановска IX *(I награда)*, Јована Стрезовски V, Ана Јошевска V, Димитар Дарковски VII, Стефан Стефановски VII и Михаил Кајтез VII *(II награда),* Томе Трампевски VIII (*III награда)*, Стефан Секирски VIII *(пофалница)*, Стефан Стефановски VII ***(пофалница за регионален и државен натпревар).***

  

# КОНТИНУИРАНА РАБОТА, МНОГУ ОСВОЕНИ НАГРАДИ

Ковид 19, пандемија, карантин, но за нас само пауза помеѓу две полувремиња која не успеа да нè фати на кондиција, да нè обесхрабри, да нè демотивира. Напротив, КЛИМЕНТОВЦИ се вратија на терените посилни, похрабри, борбени, со силна желба за успеси и победи.

Сета неискористена и нескротлива детска енергија која ја чуваа затворена изминатите две години, ја преточија во *прво место* на ноќната трка по повод 4 ти Ноември, празникот на Битола, па со елан продолжија со освојување на повеќе места и пехари во поединечни и екипни натпревари.



**Освоени места:** Општинско првенство во одбојка машки *прво место*, женски *трето место*, во кошарка машки и женски *второ место*, во ракомет женски *второ место*, во фудбал машки *второ место*, во стрелаштво машки *второ место*, есенски крос-екипно *прво место* и ноќна трка 4-ти ноември екипно *прво место*.















# СИЛНИ ИМПРЕСИИ ОД ГОДИШНИОТ КОНЦЕРТ НА УЧИЛИШНИОТ ОРКЕСТАР И ХОР

Во Офицерскиот дом во Битола, по повод 24-ти Мај, Денот на сѐсловенските просветители Св. Кирил и Методиј, училишниот оркестар организираше годишен концерт на кој со пригоден избор на музички точки настапи мандолинскиот оркестар во придружба на училишниот хор, организиран од страна на наставниците по Музичко образование Мирко Митровски и Игор Огненовски.



Во организацијата, исто така, учествуваа наставниците Јаневски Алексанадар (наставник по Историја) и Петровска Соња (наставник по Македонски јазик).

Концертот го следеше мотото „Без музика, животот би бил голема грешка“ (мисла на Фидрих Ниче), каде публиката можеше да ужива во прекрасната хармонија и мелодија од познатите хитови од различни жанрови.

Исто така, концертот беше исполнет и со танцови точки изведувани од учениците од нашето училиште, а како специјални гости учествуваа наставничкиот хор од одделенска и предметна настава и Димитар Андоновски со песната „Ако одам во Битола“.





# ОДБЕЛЕЖАН ЕВРОПСКИОТ ДЕН НА ЈАЗИЦИТЕ

Европскиот ден на јазиците 26-ти Септември беше одбележан во нашето училиште со низа активности. Ученици, членови на училишните секции под раководство на своите наставници, ментори, преку слики, текст, музика, традиција, фолклор, храна, учениците ги истакнаа спецификите на македонскиот, англискиот, италијанскиот, францускиот, германскиот јазик... Преку забава, игра, испраќаа пораки дека различностите нè спојуваат, а јазикот е мостот каде се сплотуваат сите човечки раси.

„Јазикот е средство со кое ние дознаваме што мисли, што чувствува и што сака нашиот собеседник. Во него има одделни гласовни знакови или зборови за сите мисли, чувства и желби на еден човек. Затоа јазикот на еден народ е негово духовно богатство и наследство во кое се заклучуваат отпечатени во гласовни знакови или зборови, сите народни мисли, чувства и желби со коишто има живеано и живее еден народ и коишто се предаваат како нешто свето од едно поколение на друго“ (Крсте Петков Мисирков).

Одбележувањето на јазиците значи прославување на различностите и можноста да се зборува на туѓ јазик. Учењето јазик денес е на дофат на сите. Ентузијазмот и добрата волја можат да отворат прозорци кон нови култури и хоризонти затоа што јазикот е темел на човечкиот род на кој почива културната историја и традиција.




Европскиот ден на јазиците, 26 – ти Септември, беше создаден за време на Европската година на јазиците во 2001 на иницијатива на Советот на Европа и Европската Унија. Целта им е да се даде значење на јазиците како фундаментален и нераскинлив дел од културното наследство на Европа и сите активности коишто се организираат на овој ден се во насока на истакнување на важноста од изучување на јазиците. Европскиот ден на јазиците од една страна ја промовира богатата јазична и културна разноликост на Европа и придонесува за подигнување на свеста за многујазичноста и меѓукултурното разбирање, а од друга страна ја промовира и идејата за доживотно учење јазици во и надвор од училиштата, студирањето како и изучување јазици за професионални потреби или задоволство.



# ГЕНЕРАЦИСКИ ПАСОШ ЗА ДЕВЕТТООДДЕЛЕНКАТА ИСКРА НЕЧАКОВСКА



Првенката на генерацијата Искра Нечаковска беше наградена со голем аплауз, а нејзините соученици за нивните награди-благодарници беа поздравени како најдобри во генерацијата за извонредните резултати, посветеноста и интересот за многу области: Бојана Мајсторовска, Ангел Андреевски, Душан Пројчевски, Лука Велковски, Ева Апостолова, Лина Шеровска и Јована Ѓорѓиевска.

„Утрото им припаѓа на оние кои од денес се подготвуваат за него. Веруваме дека денешново утро го оставаме во сигурни раце. Од срце им честитавме. Им посакавме, пред сè, добро здравје и среќна резервација на некоја од средношколските клупи“, истакна наставничката по Македонски јазик, Соња Петровска.









# ВО ПОСЕТА НА ФИЛОЛОШКИОТ ФАКУЛТЕТ „БЛАЖЕ КОНЕСКИ“ ВО СКОПЈЕ

Учениците од осмо и деветто одделение кои го изучуваат германскиот јазик, во октомври реализираа еднодневна екскурзија во Скопје, со одговорниот наставник по Германски јазик, Никола Аврамовски и наставничките Маргарита Поповска, Јулијана Ивановска и Мирко Митревски, со главна дестинација: посета на Филолошкиот факултет „Блаже Коневски“ во Скопје.



Поаѓањето беше рано наутро во седум часот, а во Скопје веќе стигнавме во 10 часот. Најнапред отидовме во посета на Спомен куќата на Мајка Тереза. Влегувавме по групи и неколку инструктори нѐ водеа низ фактографските прикази од животот на Мајка Тереза. Потоа го посетивме плоштадот „Македонија“. Поминавме покрај кејот на реката Вардар и преку мостовите на цивилизациите и уметноста. Го посетивме Филозофскиот факултет „Блаже Конески“ и Катедрата за германски јазик. Ова беше убава можност учениците кои сакаат да студираат јазици, да го видат престижниот Филолошки факултет во Скопје. На крајот следуваше посета на Зоолошката градина, каде видовме многу животински видови. Нашата последна дестинација беше шопинг центарот „City Mall“.



Патувањето кон Скопје и од Скопје за Битола беше напорно, но забавно. По пат направивме неколку мали паузи. Сите дома се вративме среќни, радосни и задоволни. Целта на оваа екскурзија беше да научиме нешто ново и да се дружиме, а истата беше остварена.

*Изабела Митревска IX-5 одд.*



# ЕРАЗМУС АКТИВНОСТИ-ПРЕДИЗВИК И МОЖНОСТИ ЗА ПОИНАКВО УЧЕЊЕ



Нашето училиште е меѓу првите училишта во Македонија кое започна со работа во склоп на „Еразмус+ програмата“ во делот за размена на искуства и добри практики. Имено, уште во 2016/2017 година, кога училиштето го доби првиот КА220 проект, бевме прво училиште во Битола и трето училиште во Македонија кое започнува со работа во склоп на оваа програма. Оваа традиција продолжи да се негува во годините кои следуваа и досега имаме реализирано 8 Еразмус+ проекти, од кои некои се завршени, а некои сè уште се реализираат. Како важен дел се активностите со ученици на кои тие имаат можност да учат, да се надоградуваат, да ги подобруваат компетенциите за странски јазици и исто така да учат за различните култури во Европа.





Проектот „Дигитален Ковид-19 Акцелератор“ во училиштето е пред самиот крај и во него се реализираа 2 активности со учениците во Загреб, Хрватска и во Онтињент, Шпанија.

На првата активност учествуваа учениците од V одделение и имаа можност да ја совладаат апликацијата „Stop motion studio“ за изработка на кратки анимации. По враќањето на учениците тие направија дисеминација на своите врсници и знаењата ги имплементиравме во наставата со цел полесно совладување на некои содржини, развој на ИТ вештините и мотивација на учениците. Додека пак на втората активност беа присутни ученици од шесто одделение кои стекнаа вештини за работа во апликацијата ,,Capcut“ и играта „Seppo“. По нивното враќање, учениците повторно ќе ги споделат своите искуства со останатите ученици.





# ОДБЕЛЕЖАН ДЕНОТ НА МАТЕМАТИЧКИОТ БРОЈ „ПИ“




Под мотото „Математиката обединува“, во нашето училиште се одбележа Денот на бројот Пи – 14-ти Март. Учениците од седмо одделение изработија постер со визуелна репрезентација на Пи (Pi From The Sky), а учениците од СОУ „ Таки Даскало", графичка струка, под раководство на професорката Катерина Маурдева испратија нивни изработки- чоколатца и моливи со лого со бројот Пи. Настанот беше додаден на интернационалната мапа на Idm314.

„Учениците треба да се подготват за:

- да работат на работни места кои сè уште не постојат,
- да користат технологија која сè уште не е создадена,
- да решаваат проблеми за кои сè уште не знаеме дека се проблеми.”

(Richard Riley, U.S. Secretary of education, 1993-2001)




Најдобар начин тоа да се направи е учење преку решавање на проблеми и тоа не било какви, туку вистински проблеми кои се однесуваат на вистински луѓе и бараат конкретни решенија. Наспроти традиционалното учење кое ги раздвојува науката, технологијата, инженерството, уметноста и математиката гледајќи ги како посебни дисциплини, СТЕАМ-учењето ги интегрира во целина претставувајќи релевантни искуства на учење за учениците.

# МАТЕМАТИЧКАТА ГЕНИЈАЛНОСТ НА ПЧЕЛИТЕ



Меѓународниот ден на пчелата се одбележува секоја година на 20-ти Мај, роденденот на Антон Јанша, основоположникот на модерното пчеларство (1734-1773). Учениците направија истражување за важноста и бенефитот кој луѓето го имаат од пчелите, поточно од пчелиниот восок, како и математичката генијалнст на пчелите. Целосното истражување беше претставно во вид на постери кои може да се скенираат на QR кодовите.

Пчелите се извонредни математичари. Научниците тврдат дека овие мали инсекти можат да пресметаат агли, па дури и да разберат дека Земјата е тркалезна, а официјално се и првите инсекти кои го разбираат концептот на нулата. Но, постои посебно интересен математички аспект од животот на пчелите - кошницата. Дали некогаш сте се запрашале како пчелите без шестар или линијар, со максимална заштеда на

материјал и во целосен мрак, градат совршено правилни и удобни шестаголни келии? И уште поважно, од сите можни дизајни, зошто пчелите го избираат овој? Со помош на знаењето од математика и техничко образование, учениците изработија скулптура на пчелино саќе од рециклирани материјали.

## СВЕЌАТА КАКО ПРИРОДЕН ПРОЧИСТУВАЧ НА ВОЗДУХОТ – МИТ ИЛИ ВИСТИНА



Свеќите се меѓу омилените украсни предмети во домот, не само затоа што создаваат атмосфера, туку и поради пријатниот мирис со којшто ја исполнуваат просторијата… Постои верување дека пламенот од свеќата го прочистува воздухот во просторијата во која гори. Истражувањето кое се спроведе се однесуваше на свеќи од парафин и од пчелин восок, а со помош на мерен инструмент се следеше нивото на ПМ честички во воздухот. И во двата случаи нивото на ПМ честички не се намали, само што природната восочна свеќа гори подолго од вообичаеното и целосно согорува без остатоци и значително формирање саѓи, а парафинската дополнително го влошува квалитетот на воздухот.

ФИТР ФОНД ЗА ИНОВАЦИИ И ТЕХНОЛОШКИ РАЗВОЈ

## ДАЛИ ПАСИВНИТЕ ПУШАЧИ СЕ ВО ОПАСНОСТ?




Светскиот ден за борба против пушење, 31-ви Мај, се одбележува уште од 1987 година. Пасивни пушачи се оние кои не пушат, но го вдишуваат чадот ослободен од цигарите на активните пушачи. Со помош на вештачки бели дробови се симулираше пушење на цигара во затворен простор и со мерен инструмент се следеше квалитетот на воздухот – драстично се намалува кислородот по само една испушена цигара и потребни се повеќе од два часа за да се врати во нормала.

STEAM
SCIENCE | TECHNOLOGY | ENGINEERING | ARTS | MATHEMATICS

# УЧЕНИЦИТЕ ПРОИЗВЕДОА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА СО ПИЗОЕЛЕКТРИЧЕН ГЕНЕРАТОР

Учениците од предметна настава во соработка со наставникот по Техничко образование, Дарко Аврамоски дојдоа до идеја за производство на електрична енергија преку искористување на кинетичката енергија на учениците. Со поставување на пиезоелектрични плочки во патека по којашто учениците чекорат, ја претвораат кинетичката енергија на учениците во електрична енергија.





Преку наизменичен прекинувач може да се контролира дали да се користи напонот од градската мрежа или напонот добиен од пиезоелектричниот генератор, со кој што потоа се напојуваат светилките во кабинетот по техничко образование. Како надополнување на пиезоелектричниот генератор, паралелно е поставен и соларен панел со помала моќност за деновите кога нема ученици во училиштето кој би оделе по патеката за да произведуваат електрична енергија. Пиезоелектричниот генератор е погоден за места каде што има голем проток на пешаци како училишта, аеродроми, железнички станици, пешачки зони низ градот и сл.

Се повеќе во светот се развиваат обновливи извори на енергија. Ова е затоа што намалувањето на фосилните горива е неизбежно и загадувањето произведено од согорувањето на гас, нафта и јаглен ги унапредува сериозните ефекти на климатските промени.





Профитабилноста на обновливите извори се подобрува секој ден, а технологијата за енергетска ефикасност го прави обложувањето на алтернативна енергија поприивлечно. Ние главно ги класифицираме на обновливи и необновливи извори на енергија. Поранешните се нарекуваат зелена енергија или чиста. Тие се оние кои добиваат поголемо значење со текот на годините откако потекнува необновливата енергија фосилни горива и тие ја загадуваат планетата и предизвикуваат сериозни штети и ефекти како што се климатските промени.

SCAN ME





SCAN ME

Позната како чиста енергија, обновливата енергија е најважна бидејќи игра улога во заштитата на животната средина и технолошкиот развој. Овие извори на енергија користат неисцрпни ресурси од природата (како сончеви зраци, ветер, вода и сл.) за да извлечат енергија.

За реализација на овој проект придонесоа: наставниците Дарко Аврамоски, Атанас Пеев, Ленче Крстеска, учениците: Алек Сиваков, Анастасија Јанкуловска, Андреј Ивановски, Димитар Кумчевски, Христијан Мицевски, Лео Созовски, Марко Ангеловски, Јована Ристевска, Јована Стрезоски, како и Горан Талевски и Зоран Митревски од техничката служба во училиштето.

# ИЗРАБОТЕНИ ХРАНИЛКИ ЗА ЖИВОТНИ ОД ОТПАДЕН МАТЕРИЈАЛ

Предизвикот да се биде дел од Европските проекти е доста голем и резултира со имплементација на иновации во наставата. Стручниот актив на петто одделение во учебната 2021/2022 како дел од Програмата за учење на отворено, реализира и набљудување на околината во природни услови, во Националниот парк „Пелистер“.



Имено учениците, заедно со наставниците, реализираа еднодневна едукативна посета на националниот парк, со што тие имаа прилика под микроскоп да ја набљудуваат флората и фауната која ја затекнаа во нивната непосредна околина. Вториот дел од посетата, учениците изработија хранилки за птици и истите ги поставија на дрвјата. Хранилките беа изработени од отпаден материјал кој е еколошки и нема да придонесе за загадување на околината. Секако покрај учењето, кај учениците поттикнавме и мотивација и одлична детска игра на која сите ученици имаа можност да другаруваат.



Искуственото учење или учењето преку истражување не е само наложена потреба, туку тоа станува најсоодветен начин на градење на социјални, културни и еколошки вештини, јакнење на идентитетот, карактерот и соработката меѓу учениците. Учениците имаат можност преку истражување и практични активности да ја совладаат секоја наставна содржина и да стекнат трајни знаења. Нивната радост и образование е нашата цел и мотивација за напредок!







# ПРИРАЧНИК ЗА ИСКУСТВЕНО УЧЕЊЕ „СТАКЛЕНА ЛАБОРАТОРИЈА“

Како резултат од националниот проект финансиран од „Еко логик“, е изработен Прирачникот за искуствено учење „Стаклена лабораторија“ чии автори се Виолета Стевановска, Гордана Анастасова и Даниела Петковска.




Додека пак од реализацијата на проектите од Еразмус+ Програмата произлегоа три прирачници и тоа „Прирачник за професионално и кариерно насочување на учениците“ чии автори се Виолета Стевановска, Гордана Анастасова и Соња Кузманова- овој прирачник е еден од крајните резултати од проектот „Што е следно“. Понатаму „Практикумот со вежби на македонски јазик за подигнување на функционалната неписменост“, чии автори се Виолета Стевановска и Гордана Анастасова. Овој практикум е еден од крајните продукти од Еразмус проектот „РомАБЦ“ за Западен балкан. Последниот прирачник, е „Прирачникот со игри за учениците во основно образование“, во кој се имплементирани примери од игри од земјите кои беа дел од проектот. Автори на овој прирачник се наставниците од проектниот тим кој ги реализираше проектните активности. Овој прирачник е краен продукт од проектот „Игрите во училиштето“.




Иновативноста на едно училиште се препознава преку работата, активностите со учениците и видливите продукти од целокупните активности во текот на годините и работата. Проектите се веќе дел од нашата организациска култура и истите придонесуваат за подобрување на наставниот процес, поголема мотивација на учениците, стекнување на Европски вредности од страна на учениците како и професионален развој на наставниците. Во таа насока би се споменале интернационалните и националните проекти кои покрај придобивки за учениците и наставниците, придобивки има и самото училиште, затоа што крајниот продукт се Прирачници кои се дел од училишната библиотека.






# ОБОЕНИ ДЛАНКИ ЗА ПОДДРШКА НА ДЕЦАТА СО РЕТКИ БОЛЕСТИ

Учениците по италијански и француски јазик го одбележаа 29-ти Февруари, Денот на ретките болести. Во знак на поддршка на децата со ретки болести, учениците ги обоија своите дланки во боите на ретките болести. Преку оваа активност, учениците развија вештини за меѓусебно прифаќање и толеранција, почитување на различностите, како и свесност дека сите заедно градиме подобра училишна средина и го правиме училиштето подобро место за сите. Тие испратија и моќни пораки на странски јазик, со цел да ја покажат нивна грижа за оваа категорија на деца.





J'ai colorié ma main en JAUNE pour soutenir les enfants rares. Mon message c'est :

Rêver seul ne reste qu'un rêve ! Rêver ensemble devient la réalité ! Јас ја обоив мојата рака ЖОЛТА за поддршка на децата со ретки болести. Мојата порака е:

Ако сонуваме сами, тоа е само сон. Ако сонуваме заедно, тоа станува реалност,

Јана Танчевска од VII-3 одд.

Io ho colorato la mia mano BLU per il sostegno dei bambini rari. Il mio messaggio è:

SIAMO TANTI, SIAMO FORTI, SIAMO RARI!



Јас ја обоив мојата рака СИНА за поддршка на децата со ретки болести. Мојата порака е: Многу сме, силни сме, ретки сме!- изјави Матеј Ѓуровски од VIII-3 одд.





# ИЗРАБОТЕН ПРОТОТИП НА МАШИНА „НАШИОТ ЧИСТКО“

Проектот „Изработка на прототип на машина-Нашиот Чистко“ беше избран од страна на Фондот за иновации и технолошки развој од Скопје. Проектот го изведуваа ученици под водство на менторите Соња Кузманова-наставник по Физика и Славица Костевска-наставник по Биологија.



Проектот „Нашиот Чистко“ имаше за цел изработка на соодветна машина- прототип (која би имала изглед на автомобил-играчка или некое животно) со која би се се зголемила мотивираноста на учениците на лесен и забавен начин да се грижат за хигиената во својата училница (училиште или околина).



Основната цел на овој проект беше да се заинтересираат учениците за практичната применливост и поврзаност на наставните содржини, особено од природната група на предмети во конкретни ситуации од секојднивниот живот.

Воедно со секојдневна употреба на изработената машина учениците би се стекнале со добри навики кои подоцна би ги пренеле дома и пошироко, ќе научат да се грижат за хигиената во училницата, ќе се прилагодат за работа во група, ќе научат да го почитуваат туѓиот труд и др.





Одобрениот буџет за реализација на проектот опфаќаше и предвидени средста за набавка на паметна табла и компјутер. Благодарение на трудот и несебичното залагањето на тимот од ученици и нивните ментори денес кабинетите по физика и биологија се комплетно опремени со 2 паметни табли, 2 проектори и 1 компјутер.



# ВО ПОСЕТА НА ПЕДАГОШКИОТ ФАКУЛТЕТ

По повод 5-ти Октомври, Денот на учителот, учениците од второ одделение заедно со своите наставнички го посетија Педагошкиот факултет во Битола со цел да ја почувствуваат магијата на ова „Училиште за учители“. Учениците имаа контакти со професорите и студентите кои ја пренесуваа љубовта и желбата да се биде учите, да се издигнуваат идните генерации, да се отвара нивниот пат кон иднината. Да се биде учите е вистински предизвик, но пред се одговорност да се биде добар педагог кој одговара за изборот на патот на младите генерации. Задоволството беше обострано, идните учители да бидат во друштво со најмладите.









# ВО ПОСЕТА НА ОПШТИНАТА

Четвртоодделенците во ноември реализираа едукативна посета на Општина Битола. Оваа посета беше во рамките на нивната настава по предметот Историја и општество, каде се изучуваат и наставните содржини: „Општина на живеење“, „Симболи на општината“, „Грижа на општината за граѓаните“ и др.

При посетата тие се сретнаа со градоначалникот Тони Коњановски и неговите соработници. Учениците непосредно ги разгледаа просториите каде општинската администрација ги извршува своите задачи. Преку серија прашања поврзани за лекциите, како дел од теренската настава, учениците се интересираа за поставеноста, начинот на функционирање на локалната власт и работењето на Советот, градоначалникот и службите во општината. Љубезните домаќини во големата општинска сала се потрудија подетално, со јазик разбирлив на ученичката возраст, да им го објаснат животот во општинската зграда и да м ги предочат симболите на општината.

Општината е секогаш отворена за сите граѓани и сите можат да ја посетат кога сакаат, а најголемата радост за нас се ваквите посети од страна на дечињата кои се нашата иднина, истакна градоначалникот Коњановски.

Од општината добивме ветување дека ќе се обидат во нашиот град да направат што подобри услови за живот и соживот во градот. На крај им упатија порака до сите деца да се развиваат во позитивни личности и секогаш да бидат ведри, насмеани и послушни дечиња и што повеќе да го минуваат слободното време во дружење и спортување. Им посакаа кога ќе пораснат да станат дел од општинската администрација, да преземат раководни позиции, а некој од нив да стане и градоначалник.

Дружењето од еден час мина многу брзо на задоволство на гостите и домаќинот, во пријатна и весела атмосфера. Децата се заблагодарија за средбата со подароци изработени од нивните вредни раце, изведоа кратки рецитали, прочитаа состави и писма со желби за поубава, подобра и поразвиена Битола.



# БЕЗ ПРЕДРАСУДИ ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ

На покана на Ребека Јанковска-Ристески - почесен претседател на здружението „Дајте ни крилја“ од Скопје, со одобрение од МОН нашето училиште беше дел од проектот на кој стои „Глада Худик Театар“, општина Худиксвал во Шведска. Членови на овој театар се актери со пречки во развојот како и лица со нормални пречки. Освен театарски претстави, „Глада Худик Театар“ работи и со разни проекти за борба против предрасуди и промена на однесувањето кон лица со пречки во развојот.



Активноста која се спроведе во текот на месец октомври беше комплексна: учениците прво разговараа за правата на децата преку читање на Конвенцијата за правата на децата. Во тој контекст се дискутираше и за значењето на зборовите демократија, почит и обѕир, хуманост, емпатија и сочувство, толеранција, различност, одговорност, дискриминација и еднаков третман. Преку примери од секојдневниот живот се разработи поимот предрасуда. Активноста „Облачиња“ каде секој ученик нацрта и обои облак, на визуелен начин ја долови поентата на целиот проект - како што сите облачиња се различни, така и луѓето се различни и единствени и чувството е прекрасно.



Ученици од петто, осмо и деветто одделение потоа го проследија филмот „Колку брусници има во светот?“, по што беа одржани работилници на тема: Промовираме еднакви вредности на сите. Секое одделение состави своја Конвенција за однесување во училницата. На крајот, секој ученик доби задача да направи добро дело со цел да направи нешто позитивно за друго лице и да шири радост.

Овој проект не е манифестација против нешто, туку за нешто. За општество во кое сите имаат еднаква вредност и во кое способностите на сите доаѓаат до израз на најдобар можен начин. Целта на проектот е да ги инспирира луѓето да направат промени преку позитивни примери и идеи. Од мисла на дело.



Децата не се раѓаат со предрасуди. Тие ги наследуваат од возрасните. Една од најважните задачи на општеството е да го поддржува развојот на демократијата, правдата и рамноправноста. Интеграција не значи дека сите се еднакви туку значи дека треба да научиме да почитуваме, да научиме да прифатиме дека сме различни.

# БИДИ ХУМАН, БИДИ ЧОВЕК!

„Биди хуман, биди човек“!-беше паролата по која тргнаа учениците од IV одделение да го започнат својот проект за Мајка Тереза. Светицата од Скопје ги освои и нивните срца. Истражувајќи за нејзиниот живот и дела тие не го криеја своето воодушевување. Научија многу. Сега знаат дека да даруваш крв, значи да спасиш човечки живот. Знаат дека хуманост е да даруваш радост на оној кој не ја почувствувал и да дадеш љубов на оној кому му е потребна. Нивното истражување го продолжија со најразлични активности.

Учениците од IV-1 со својата креативност и вештина, преку ликовни дела го претставија ликот и делото на Мајка Тереза.




Најубави литературни творби, на тема „Мајка Тереза симбол на хуманоста“, IV-2 одд**.**




IV-3 изработија презентација во Powerpoint за животот и делото на Мајка Тереза.





IV-4 реализираа драматизација за Мајка Тереза.




IV-5 одд. со албум за животот и делото на Мајка Тереза. Задоволство беше да се работи со сите ученици кои се трудеа да ја разбудат хуманоста во нивните срца и се залагаа за промоција на хумани вредности. За крај уште поголемо беше задоволството да се слушне од нивните детски усни дека и тие сакаат да бидат хумани и да помагаат.



*„Не сме сите створени да правиме големи работи. Но, затоа можеме да правиме мали работи со многу љубов." – Мајка Тереза*

## ВОЛОНТЕРСКА АКЦИЈА НА ЛИКОВНАТА СЕКЦИЈА ПОДДРЖАНА ОД ЛОКАЛЕН СОВЕТ ЗА ВОЛОНТЕРСТВО НА ОПШТИНА БИТОЛА

Шаренилото на ѕидовите на влезот од училиштето беше одлична причина за дискусија на тема: „Волонтерски вредности" реализирана со учениците од ликовната секција. Оваа година волонтерската акција беше реализирана во чест на Пабло Пикасо и Пит Мондријан. Сликите на влезот од училиштето се изработени во стилот на кубизам. Двајцата уметници сметале дека во природата сè можи да се сведи на геометриски форми, на пр: планината да биди триаголник, зградите-коцки, глава на човек-елипса, квадрат, круг.

Волонтерската акција за разубавување на влезот на училиштето се реализира под менторство на наставникот по Ликовно образование, Стевче Тодоровски поддржана од Локалниот совет за волонтерство на општина Битола.








# ИЗЛОЖБА НА ЛИКОВНИ ТВОРБИ НА ТЕМА – *ФРИДА КАЛО*

По повод Светскиот ден на уметноста, во холот на нашето училиште беше отворена ликовна изложба со 50-тина дела, направени од вештите раце на нашите ученици-уметници од ликовната секција како и од предметот Проекти од ликовна уметност, под менторство на наставничката Ленче Крстеска. Делата се направени во најразлични техники како – молив, пастели, маркери ,акварел, темперни и акрилни бои, на различни основи- хартија, картон, платно и стакло.




Темата на изложбата беше портретот на една од најпознатите светски жени уметнички- Фрида Кало. Таа е мексиканска сликарка, жена со непокорен дух, која зад себе оставила огромно творештво, а најмногу автопортрети, полни со страст,емоции и бои.




„Јас сум моја муза, предмет кој најдобро го познавам“- се зборовите на Фрида.



Уметноста е најголемата творба на човековиот гениј, зашто за неа ниту една дефиниција не е доволно добра и точна. Уметноста не може да се научи, ниту да се објасни, туку може само да се почувствува. Со уметноста, единствено човекот се разликува од останатите живи битија.

*Уметноста го менува светот!*



# СЕПТЕМВРИСКА ЕДНОДНЕВНА ЕКСКУРЗИЈА ВО ТРНОВО

Уште една незаборавна авантура. Поаѓавме во 7 часот претпладне, а турбулентното возење на автобусите по грбот на Баба Планина цврсто нè крепеше на своите рамениции за да не пренесе до посакуваната дестинација. Учениците од шесто до деветто одделение со предметните наставници, организирани со автобуси патувавме до блиската планинска дестинација, излетничкото место- село Трново.

Стигнавме во истиот миг, во дворот на големата централна црква „Св. Богородица“. Патувањето со луѓето кои ги сакате, е брзо, времето лета како птица. Денот беше сончев и топол, токму за еднодневна екскурзија. Во дворот на црквата по зелената трева беа послани разни разговори и идеи на секое дете. Среќно и љубопитно газевме по зелената трева додека го правевме она што нè исполнува. Се забавувавме, игравме разни игри и разменувавме свои мисли и ставови. Поделивме сè, меѓусебно сложно и мирно. Тука нè дружеа и надгедуваа нашите класни раководители-нашите втори родители. Сè беше весело.

По неколку часа дружење, повторно се наполнаа автобусите но овој пат за назад, со уморни деца, деца кои поминаа уште еден ден што ќе се врежи во нивните сеќавања од еден поинаков училиштен ден.



Сара Спировска и Христина Јончевска IX-1 одд.

# ПРВООДЕЛЕНЦИТЕ НА ИЗЛЕТ ВО УЧИЛИШНИОТ ДВОР

Учениците од прво одделение заедно со своите одделенски наставнички, во септември, на почетокот на учебната година, реализираа еднодневен излет во блиската околина. Овој излет имаше научно-рекреативен карактер. Со учениците се изведуваа подвижни игри, штафетни игри преку кои се зајакнуваше натпреварувачкиот дух и другарството како и работа во тим, но исто така се поттикна и еколошката свест за чување и негување на природата.

Учениците беа мотивирани и весели затоа што во првите ученички денови имаа можност подобро да се запознаат и да ја споделат својата среќа заедно со другарчињата. Нивната весела насмевка, неизмерна среќа и детскиот џагор, ја исполнија средината со позитивна енергија.

По завршувањето на излетот, учениците заедно со наставничките го селектираа отпадот и во соодветни кеси го ставија во кантите за отпадоци. На ваков начин, кај учениците развиваме трајни вредности и знаења, кои ќе бидат нивна основа во изградување на нивната еколошка свест.










# ДА Ѝ ПОДАДЕМЕ РАКА НА ПРИРОДАТА!



Активноста под мотото: „Запознај ја и сакај ја природата“ беше реализирана на почетокот на учебната година во националниот парк „Пелистер“ во месноста Голема Ливада. Учениците од трето одделение имаа за задача да го истражуваат растителниот свет во



ливадата, да се грижат за хигиената во околината, да уживаат во благодетите кои несебично ги дава природата. Исто така, имаа можност да се натпреваруваат во скокање со вреќи каде ги покажаа своите спортски вештини, а истовремено уживаа во играта. Како придобивки кои ги понесоа од оваа активност се: стекнатите знаења, развивањето на еколошка свест, љубовта кон природата, игрите со другарчињата.



По враќањето во училиштето сето тоа учениците го преточија во прекрасни цртежи и екопораки кои беа поставени на видни места во училниците. Најважно од сè е тоа што учениците сфатија дека ако и „подадеме рака на природата“ , таа ќе ни возврати повеќекратно давајќи ни чист воздух, чиста вода и чиста почва, без што не може да се живее.





# ГОЛЕМА ЛИВАДА ПРЕДИЗВИК И ЗА ВТОРООДДЕЛЕНЦИТЕ





Екскурзијата на Голема Ливада беше предизвик и за нашите второоделенци. Истата се организира како дел од проектот „Заедничка грижа за правилно насочување на учениците“. Покрај дружбата и рекреацијата, учениците научија и некои податоци и факти за природните убавини на нашата Баба Планина и преданието како таа го добила своето име. Слушнаа за ретките растенија, конкретно за петтоиглестата молика која е ендемик на Балканот, потоа за рисот, за кафеавата мечка и многубројните ретки инсекти... Сите тие информации им беа пренесени на интересен забавен начин што беше потикнувачки за разговор со учениците. Децата имаат потреба да живеат со природата, а не само да стекнуваат знаења за природата. Затоа овој ден за нив беше посебен.









# ПРАВИЛНО КОРИСТЕЊЕ НА СОЦИЈАЛНИТЕ МРЕЖИ ЗА ЗАШТИТА ОД САЈБЕР НАСИЛСТВО

Во литературата под поимот насилство најчесто се подразбира непосакувано, агресивно однесување коешто обично се манифестира во периодите на средното детство (училишна возраст) и во адолесценцијата, односно во текот на основното и на средното образование. Ваквото однесување вклучува закани, ширење на дезинформации, вербален или физички напад, намерно исклучување од групи и слично.

**Видови малтретирања во и надвор од училиштето**

Постојат три најчесто наведувани типови на насилситво: вербално, социјално и физичко. Во поново време се јавува и четврти тип, популарно наречен сајбер-насилство (cyber-bullying), односно малтретирање преку дигиталните медиуми, во интернет-просторот.
Сајбер-насилиството може да се одвива преку СМС-пораки, на социјалните мрежи, преку апликациите, форумите, он-лајн видеоигрите итн. Ваквото малтретирање вклучува споделување на негативни, штетни и лажни податоци за некого, прикажување на лични содржини што можат да предизвикаат срам и понижување и слично.
Примери на сајбер насилство:

- Ширење лаги или објавување засрамувачки фотографии од некого на социјалните медиуми;
- Испраќање пораки што може да повредат или закани преку платформите за размена на пораки;
- Преземање на туѓ идентитет и испраќање злобни пораки до другите во негово/нејзино име.

**Ефекти од сајбер насилството врз психичкиот развој на децата и на адолесцентите**

Помеѓу најчестите краткорочни негативни ефекти од сајбер насилството, од позиција на жртва, се посочуваат социјалната изолација, чувството на срам, нарушување на спиењето, промени во навиките во исхраната, ниската самодоверба, избегнувањето да се оди на училиште, симптоми на анксиозност, зачестени психосоматски симптоми (болки во стомакот, главоболки, мускулни болки итн.), лоши академски постигнувања, симптоми на депресивност и слично.

**Предности и ризици од користењето на социјалните мрежи**

Да се биде корисник на социјалните мрежи носи со себе цела низа ризици, но има и многу предности. Некои од предностите се чувството на поврзаност со други корисници, запознавање со истомисленици, комуникација со други корисници без разлика на физичка оддалеченост, можност за размена на животни искуства итн. Недостатоците на социјалните мрежи најмногу се однесуваат на приватноста на податоците на корисниците. Постоењето на ризици не ги намалува предностите и придобивките од социјалните мрежи, но целта е да се предупредат учениците кои се корисници на социјални мрежи на можни напади на нивната приватност и последиците од истото.

**Основи на комуникација и правила на однесување на социјалните мрежи**

Социјалните мрежи како општо прифатен медиум на модерната комуникација бараат познавање на правилата за писмена **онлајн** комуникација кои се раликуваат од оние за директна комуникација. Некои од тие правила се:

- Употребата на големи букви се смета за викање и се избегнува;
- Може да користат емотикони кои помагаат да се изразат емоциите, па затоа е неопходно да се внимава истите соодветно да се употребуваат;
- Безопасна шега може да се доживее како многу невкусна и може да предизвика многу негативни реакции на социјалната мрежа;

- При испраќање порака или фотографија потребно е добро да се размисли за нејзината содржина бидејќи испраќачот на пораката никогаш не може да знае кој трајно ќе ја зачува пораката на нивниот компјутер.

Најчесто поставувани прашања за сајбер насилството:

***1. Дали ме малтретираат онлајн? Како можам да ја препознам разликата помеѓу шега и насилство?***

- Сите пријатели се шегуваат меѓу себе, но понекогаш тешко може да препознаеш дали некој само се забавува, се шегува или пак се обидува да те повреди, особено онлајн. Но ако се чувствуваш повредено или пак мислиш дека другите ти се смеат тебе, наместо со тебе, тогаш шегата отишла предалеку. Ако пак, шегувањето продолжува дури и откако ќе побараш од лицето да запре и ако сè уште се чувствуваш неубаво во врска со тоа, тогаш постапката може да се смета за насилство.

***2. Со кого треба да разговарам доколку некој ме малтретира онлајн?***

- Ако сметаш дека си изложен/а на насилство, првиот чекор е да побараш помош од некој на кого му веруваш, како што се родителите, близок член од семејството или друго возрасно лице на кое му веруваш.
- Во училиштето може да му се обратиш на психологот, педагогот или на омилениот наставник.

***3. Како да спречам користење на моите лични информации за да ме манипулираат или понижат на социјалните мрежи?***

- Размисли два пати пред нешто да објавиш или споделиш онлајн – може да остане онлајн засекогаш и да се искористи на твоја штета подоцна. Не оддавај лични податоци, како што се адреса, телефонски број, или називот на твоето училиште.
- Научи ги *нагодувањата за приватност* на апликациите на твоите омилени социјални мрежи.

Учениците – корисници на социјалните мрежи потребно е постојано самостојно да се едуцираат за карактеристиките и поставките на социјалните мрежи, за нивните добри и лоши страни, за приватноста, но и за моралното и етичкото однесување кон другите, имајќи предвид дека оние кои учествуваат во интеракцијата на социјалните мрежи можат да влијаат и да го насочат нивното однесување и однесувањето на другите во системот. Важно е учениците да размилсуваат и за различни начини како квалитетно да го поминуваат слободното време освен користејќи го интернетот и социјалните мрежи.

Како што човекот мораше да се прилагоди на многубројните промени низ времето и да научи да живее во нови околности, денес повеќе од кога било, сите заедно мора да научиме да живееме во новата интернет ера. Треба да се прилагодиме и менуваме, но во исто време и критички да размислуваме.

Запирањето на сајбер насилството не само што е важно заради стопирање на силеџиите, туку и заради признавање дека секој заслужува почит, и онлајн, и во реалниот живот.








Психолог: Ивана Балаловска

# ЗАБАВНА СТРАНА






Боенка со собирање и одземање








Земете парче хартија и креирајте оригами

